**Здружението на граѓани „РОМАВЕРЗИТАС”**
**објавува**
**Повик за ментори во академската 2018/19 година**

Здружението на граѓани „РОМАВЕРЗИТАС“ во рамки на проектот: **„Ромаверзитас- Со поддршка за развој кон лични и колективни еднакви пристапи и можности“**, објавува повик за ментори кои ќе одржуваат индивидуални менторски средби со студенти Роми следејќи ја динамиката на реализација на индивидуален работен план подготвени од страна на менторот и студентот/менторираниот. Проектот е целосно поддржан од страна на Ромскиот Образовен Фонд (РЕФ), од Будимпешта.

## Опис за менторство

Менторството претставува можност за студентите Роми во прва година од своите студии да соработуваат и бидат менторирани од страна на ментор кој ќе ги подучува, насочува, советува, охрабрува, мотивира и го поддржува развојот на нивните знења, вештини и способности за реализирање на нивните лични, академски и кариерни цели. Временската рамка за реализирање на менторските средби е од декември 2018 до мај 2019 година.

## Цели на менторство

- Да им помогне на менторираните да идентификуваат, креираат и реализираат индивидуални цели на личен, академски и професионален план;
- Да поддржи развој на студенти лидери кои имаат знаење, вештини и способности за реализирање на своите лични, академски и кариерни цели;
- Да ги поттикне менторираните да ги развијат своите вештини и капацитети за надминување на академските предизвици и успешно студирање;
- Да креира култура која го гледа менторството како ефикасен начин за развој на поединецот и можност за негово лично, академско и професионално остварување.

## Работни задачи и надоместок на ментори

- Да подготви индивидуален работен план во соработка/согласност со менторираниот студент;
- Да ја следи динамиката на реализација на индивидуалениот работен план, да одржува контакти со менториран и да воспостави взаемен однос базиран на доверба и почит;
- Да одржува индивидуални менторски средби двапати месечно;
- Да му помогне на менторираниот да ги идентификува своите јаки страни и да го насочи да ги надмине своите слабите страни;
- Да го следи личниот и академскиот развој на менторираниот и да го советува како да се справи со настанатите предизвици;

- Да го мотивира и охрабрува менторираниот да го надградува своето знаење и да ги зајакнува своите вештини;
- Да дава фидбек на личниот, академскиот и професионалниот развој на менторираниот;
- Да подготвува месечни извештаи за реализираните менторски средби;
- Навремено да ги доставува потребните документи/извештаи до организацијата;
- Да одржува средби со проектен тим;
- Да применува иновативни и креативни техники за реализирање на индивидуалниот работен план.

Селектираните лица ќе склучат договор за авторско дело во кое ќе се регулираат работните задачи и висината на авторскиот надоместок. По исполнување на нивните работните задачи во временската рамка за реализирање на менторството, менторите ќе добијат **авторски надоместок во бруто износ од 50 евра во денарска противвредност.**

## Услови за пријавување за ментор

Кандидатите за ментори треба да ги исполнат следните услови:

- Да се универзитетски професори/вонредени професори/доценти/асистенти и сл;
- Да имаат соодветно работно искуство.

## Документи и начин на пријавување за ментор

За пријавување за ментор треба да се достават следните документи:

- електронска пријава за ментор (**електронска пријава**);
- документ кој го потврдува степенот на завршено образование;
- кратка биографија.

## Начин на пријавување за ментор

- да се кликне на електронската пријава, да се пополни и испрати;
- да се испрати документ кој го потврдува степенот на завршено образование, на е-маил адресата: **office@romaversitas.org.mk** со назнака ***пријавување за ментор 2018-19***.

## Краен рок за пријавување

Краен рок за пријавување за повикот за ментори е **23 ноември (петок) 2018**.

## Селекција на кандидати

Селекцијата на кандидатите ќе ја извршат членовите на Извршниот одбор на Здружението на граѓани „РОМАВЕРЗИТАС“.

**<u>Критериуми при процес на селекција на кандидати се:</u>**

- исполнување на условите за аплицирање;
- образование и работно искуство во областа на менторирање.

Дополнителни информации за повикот можете да добиете во просториите на Здружението на граѓани „РОМАВЕРЗИТАС“ во Скопје или на тел: **076 443 773**, секој работен ден од 10.00 до 18.00 часот или електронски на е-маил адресата: **office@romaversitas.org.mk.**